**УНИВЕРЗИТЕТ ,,СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН

# НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

## 2021 - 2026

2021 година

# ВОВЕД

Економскиот факултет при Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј” во Скопје е основан на 14.11.1950 година и до денес континуирано ја извршува својата основна наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно апликативна дејност и придонесува во создавањето на квалитетен високообразовен кадар од областа на економските и организациските науки. Од неговото формирање, па до денес е препознатлива високообразовна институција која образува кадри оспособени да се носат со предизвиците кои ги наметнува окружувањето. Практично и да нема сфера во општествено-економскиот живот во земјата каде факултетот не е застапен било преку свои вработени или пак преку дипломирани, магистрирани или докторирани студенти. Факултетот практично од основањето, па до денес е директно вклучен во сите процеси на локално, национално и на меѓународно ниво, а кои се од значење за општествено-економскиот развој на земјата.

Во своето седум децениско постоење факултетот успешно се справи со сите предизвици кои ги наметна окружувањето и успеа да се наметне како најреномирана и највисоко рангирана високообразовна институција од областа на економијата и бизнисот во земјата. Она што факултетот го прави посебен е континуираната и интензивна работа на приспособување на наставните програми на барањата од окружувањето и нивни прилагодување на наставните програми кои се изучуваат на првите педесет универзитети во светот рангирани на Шангајската листа.

Стратегискиот план се однесува на следниот период, 2021-2026 година. Со цел да се обезбеди континуитет и долгорочна посветеност кон остварувањето на заеднички формулираните и прифатени цели, изработката на планот беше реализирана низ консултации на целокупниот раководен и стручен потенцијал на факултетот.

Потврдена е релевантноста на постојните визија и мисија на факултетот, кои сметаме дека се уште прецизно ги одразуваат тековните заложби и среднорочните перспективи на институцијата, а извршена е ревизија на постојните клучни вредности.

## Циклуси на студии и студиски програми

Наставата на Економскиот факултет на *I-от (првиот) циклус на студии* се одвива на седум студиски програми и тоа: е-бизнис, економија, маркетинг, менаџмент, надворешна трговија, сметководство и ревизија и финансиски менаџмент. Овие студиски програми се во постапка на реакредитација, а нивната реализација ќе започне од учебната 2022/2023 година. Три од постојните студиски програми го променија својот назив и тоа студиската програма по менаџмент го промени називот во менаџмент и претприемништво, студиската програма по финансиски менаџмент го промени називот во финансии, а студиската програма по надворешна трговија во меѓународна трговија. Во овој момент на прв циклус студии на сите студиски програми постојат вкупно 113 предметни програми, кои содржински се усогласени со наставните програми кои се изучуваат на реномирани универзитети во светот. Структурата на предметите по студиски програми во однос на задолжителни и изборни предмети е следна: задолжителните предмети сочинуваат 60% од вкупниот број на запишани предмети, 30% се изборни од редот на предметните програми што ги нуди Факултетот на некој од своите департмани, а уште 10% се запишуваат од посебна листа на предметина Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во новите студиски програми структурата ќе биде поразлична и задолжителните предметни програми ќе бидат

застапени со најмалку 70%, додека со најмногу 30% ќе бидат застапени изборни предметни програми кои ги нуди факултетот. При конципирање на наставните програми факултетот ги имаше предвид потребите на јавниот и приватниот сектор, како и мислењата кои ги доби од Одборот за доверба и односи со јавноста кој го сочинуваат претставници на деловната заедница, државните органи и факултетскиот кадар, а предвид беа земени и мислењата на поранешните дипломирани студенти, преку анкети реализирани во претходниот период.

Во изминатите години евидентен е тренд на намалување на бројот на запишани студенти на 1 и 2 циклус студии на Економскиот факултет-Скопје. Овој опаѓачки тренд во најголем дел се должи на актуелните демографски трендови во државата и неповолните миграциските процеси, но секако не треба да се занемари и зголемената конкуренција од нови државни и приватни универзитети, како и зголемениот интерес за студирање во странство.

**Табела бр. 1: Запишани и дипломирани студенти во прва година на прв циклус на студии во периодот 2015-2021**

| **I година** | **2015/16** | **2016/17** | **2017/2018** | **2018/2019** | **2019/2020** | **2020/2021** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Запишани студенти** | 887 | 845 | 729 | 607 | 548 | 453 |
| **Испишани студенти** | 157 | 166 | 140 | 145 | 117 | 108 |
| **Дипломирани студенти** | 710 | 662 | 652 | 593 | 458 | 415 |

На ниво на *II (втор) циклус* егзистираат 12 едногодишни студиски програми и 4 двегодишни студиски програми. Од учебната 2021/2022 година ќе отпочне со работа новиот последипломски студиум MBA in Strategic Human Resource Management, кој во целост ќе се изведува на англиски јазик. Развојот на овој постдипломски студиум беше во соработка и под менторство на Indiana State University, Kelley School of Business, USA помогнато и финансирано од страна на Амбасадата на САД во Република Северна Македонија.

**Табела бр. 2: Запишани и магистрирани студенти на втор циклус на студии во периодот 2015-2021**

| | **2015/16** | **2016/17** | **2017/2018** | **2018/2019** | **2019/2020** | **2020/2021** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Запишани студенти** | **178** | **124** | **109** | **95** | **74** | **82** |
| *Едногодишни студии* | 159 | 111 | 101 | 91 | 70 | 80 |
| **Двегодишни студии* | 19 | 13 | 8 | 7 | 4 | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Магистриран и студенти** | **154** | **152** | **149** | **74** | **78** | **67** |

*III-от (третиот) циклус студии* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е организиран како Школа на докторски студии на ниво на Универзитет, која започна со работа во учебната 2012/2013 година и во тие рамки на факултетот во моментот егзистираат три студиски програми на трет циклус студии и тоа: економски науки, организациски науки (менаџмент) и статистички методи за бизнис и економија.

**Табела бр. 3: Запишани и докторирани студенти на Школата за докторски студии во периодот 2015-2021**

| | **2015/16** | **2016/17** | **2017/18** | **2018/2019** | **2019/2020** | **2020/2021** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Запишани студенти** | / | / | 24 | 11 | 20 | 15 |
| **Докторирани** | / | / | 4 | 1 | 2 | 2 |

**Наставно-научен и соработнички кадар**

*Наставен кадар на првиот циклус на студии*

Во текот на анализираниот период наставата ја реализираат помеѓу 44 и 61 наставник. Сите наставници се вработени со полно работно време.

Состојбата во поглед на бројот на наставниот кадар и соодносот со вкупниот број на студенти, односно соодносот на наставниот кадар во однос на редовните студенти, значително се менуваше во изминатиот период. Тоа е поради фактот што во изминатите години и покрај смалувањето на бројот на запишани студенти на 1 и 2 циклус студии, имаше смалување и на бројот на наставен кадар поради пензионирање на професори, а нови вработувања, односно подмладувања на кадарот во истиот период речиси и да немаше. Но, мора да се напомене дека во тековната година, е направен позитивен исчекор во насока на вработување на броен соработнички кадар, преку кој во блиска иднина значајно ќе се подобри степенот на оптовареност на наставно-научниот кадар.

**Табела 4. Просечен соднос на бројот на студенти со бројот на наставници на ниво на сите студиски програми на прв циклус, за учебните 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021**

| Учебна година | Запишани студенти | Професори | Просечен соодност |
|---|---|---|---|
| **2016/2017** | 4195 | 61 | 68,77 |
| **2017/2018** | 3869 | 55 | 70,35 |
| **2018/2019** | 3495 | 49 | 71,33 |
| **2019/2020** | 2869 | 47 | 61,04 |
| **2020/2021** | 2564 | 44 | 58,27 |

*Наставен кадар на втор и трет циклус на студии*

Во реализацијата на наставно-образовниот и научно-истражувачкиот процес на вториот и третиот циклус студии на факултетот е ангажиран е целиот наставнички кадар на факултетот.

**Табела 5. Просечен соодност на бројот на студенти со бројот на наставници на ниво на сите студиски програми на втор циклус, за учебните 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021**

| Учебна година | Запишани студенти | Професори | Просечен соодност |
|---|---|---|---|
| **2016/2017** | 179 | 61 | 1,95 |
| **2017/2018** | 143 | 55 | 1,98 |
| **2018/2019** | 170 | 49 | 1,94 |
| **2019/2020** | 123 | 47 | 2,62 |
| **2020/2021** | 137 | 44 | 3,11 |

За трет циклус студии, максималниот степен на оптовареност на наставниот кадар кој поседува менторска акредитација е законски лимитиран на 3 докторанти по ментор.

**Научно-истражувачка работа**

Наставно-научниот и соработничкиот кадар на Факултетот покрај наставно-образовната, се ангажираше и во научно-истражувачка работа. Своите

активности академскиот кадар на Факултетот ги реализира низ објавени публикации, учества на проекти, научни конференции, симпозиуми, работилници, семинари-собири, летни школи и обуки. При тоа како преглед за динамиката на објавени публикации во Табела 6. е даден преглед за три индикатори: вкупниот број на објавени публикации, и од нив објавени во списанија со импакт фактор и монографии.

**Табела 6. Објавени трудови по година и категорија**

| **Опис** | **Година** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2016/2017** | **2017/2018** | **2018/2019** | **2019/2020** | **Вкупно** |
| **Публикации** | 59 | 59 | 73 | 100 | **291** |
| **Во списанија со импакт фактор** | 4 | 0 | 6 | 8 | **18** |
| **Монографии** | 4 | 5 | 2 | 5 | **16** |

Во Табела 7 е дадена динамика по години на учества на конференции, проекти, студиски престои како индикатори за активноста на вработените на Факултетот во научно-истражувачки активности.

**Табела 7. Научни активности по година и категорија**

| **ОПИС** | **Година** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 16/17 | 17/18 | 18/19 | 19/20 | **Вкупно** |
| Конференции | 45 | 68 | 50 | 33 | **196** |
| Студиски престои | 4 | 2 | 6 | 6 | **18** |
| Проекти | 4 | 5 | 4 | 4 | **17** |

При тоа како резултат на ограничувањата од Ковид-19 пандемијата и неможноста за патувања, во 2019/20 година во организација на Економскиот факултет-Скопје се оддржаа неколку е-конференции.

**Меѓународна соработка**

Меѓународната соработка претставува основа за вмрежување на Факултетот со цел поддршка во реализација на наставно-научни активности на вработените, но и овозможување можности за размена на студенти. За таа цел во Табела 8 е даден преглед на можности и искористеност на можностите за мобилност по година. Врз основа на табелата може да се увиди дека постои потреба за зголемување на можностите и искористеноста на истите.

**Табела 8. Вкупен збир на мобилност по година и категорија**

| ОПИС | Година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 16/17 | 17/18 | 18/19 | 19/20 | **Вкупно** |
| Број на студенти на размена од Економски факултет – Скопје кон странство | 12 | 16 | 10 | 11 | **49** |
| Број на студенти на размена од странство кон Економски факултет – Скопје | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Број на вработени на размена од Економски факултет – Скопје кон странство | 1 | 1 | 1 | 1 | **4** |
| Број на вработени на размена од странство кон Економски факултет – Скопје | 4 | 0 | 1 | 0 | **5** |

Истот така во академската 2019/2020 за првпат по една деценија Економски факултет-Скопје воспостави соработка со реномиран универзитет (Indiana University Kelley School of Business) за реализација на наставно-научни активности.

**Финансии**

Во последните пет години финансиите на факултетот континуирано се намалуваат, а како резултат на перманентното намалување на новозапишани студенти на прв циклус студии кое се должи пред се на неповолните демографски трендови, но и поради слабата вклученост на наставно-научниот кадар во реализација на проекти кои значат дополнителни финансиски приливи за факултетот. Иако финансиските приливи во изминатите години бележеа континуирано намалување кое особено дојде до израз во 2020 година кога и се случи појавата на пандемијата на Covid 19, сепак факултетот успеа да ги одржи платите и надоместоците од плати на високо ниво и да работи без било какви финансики обврски. Во наредниот период ќе се направат напори за изнаоѓање алтернативни извори на сопствени приходи, а со цел да се обезбеди повисоко ниво на финансии за непречено извршување на функциите на факултетот. Во продолжение во табела 9. даден е скратен приказ на трендот на реализирани приходи од самофинансирачки активности во периодот 2012-2020 година.

**Табела 9. Тренд на остварени приходи од самофинансирачки активности, период 2012-2020 год.**

| **Остварени приходи од самофинансирачки активности по години, период** | **2012** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|---|

| **2012-2020** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од студенти на прв циклус на студии | 94,511,413 | 43,395,752 | 33,670,320 | 25,260,842 |
| Приходи од студенти на втор циклус на студии | 37,425,491 | 31,697,422 | 29,175,798 | 26,636,599 |
| Приходи од студенти на трет циклус на студии | 8,600,786 | 9,827,279 | 10,925,824 | 13,254,086 |
| Приходи од услуги на студенти по разни основи | 24,122,181 | 26,767,663 | 25,094,952 | 22,430,757 |
| Приходи од проекти, семинари, обуки и др. Услуги | 1,557,344 | 1,601,443 | 2,370,502 | 3,062,002 |
| Приходи од продажба на публикации и др. Приходи | 4,909,165 | 1,849,069 | 2,998,416 | 3,063,547 |
| **Вкупно приходи** | 171,126,380 | 115,138,628 | 104,235,812 | 93,707,833 |
| Пренесени приходи од претходен период | (522,597) | (11,009,508) | (10,816,557) | (13,110,308) |
| **Вкупно нето приходи** | 170,603,783 | 104,129,120 | 93,419,255 | 80,597,525 |

## ВИЗИЈА, МИСИЈА И КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ

### *ВИЗИЈА*

*Економскиот факултет да ја задржи својата лидерска позиција во високото образование од областа на економијата и бизнисот во Република Северна Македонија, како и постојано да ја унапредува својата позиција на меѓународно ниво.*

### *МИСИЈА*

*Нашата мисија е континуирано образование на високостручен кадар способен компетентно да решава проблеми, да им излегува во пресрет на предизвиците на новиот милениум и да ја зајакнува конкурентноста на нашите организации на европско и меѓународно ниво преку висококвалитетни економски и бизнис програми. Во доменот на научната работа, нашата цел е преку современи и релевантни научни истражувања да се придонесе кон збогатувањето на научната мисла од областа на економијата и бизнисот. Факултетот, исто така, обезбедува професионални услуги и истражувања за приватниот и јавниот сектор.*

### *КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ*

Во своите планови и во извршувањето на сопствената дејност Факултетот силно верува во следниве клучни вредности:

1. Почит, достоинство и интегритет во односот кон самите себе, студентите, соработниците, колегите и општеството.
2. Високо организирано, одговорно и отчетно работење засновано на почитување на високи етички и професионални норми.
3. Постојан стремеж кон иновирање и поставување повисоки стандарди во наставата и науката и свесност за улогата што секој од нас ја има во имплементирањето на промените кои сакаме да ги видиме.
4. Стимулативна и развојна академска средина со високи очекувања од сите.
5. Поддржувачка, ефикасна и одговорна администрација способна да го следи развојот на факултетот.
6. Академската слобода во изразувањето на сопствените гледишта во врска со општествените појави и процеси.
7. Праведност, објективност и транспарентност при оценувањето на знаењата на студентите.
8. Прилагодливост на општествените економски и бизнис промени и потреби.
9. Унапредување на сопствена препознатливост во земјата и во странство.

## *TOWS АНАЛИЗА*

Анализата на внатрешните карактеристики на факултетот и на факторите на окружувањето ни овозможи да ги идентификуваме предностите, слабостите, можностите и заканите што имаат големо влијание врз дефинирањето на идните цели на институцијата, како и врз можностите за нивно остварување.

### ОГРАНИЧУВАЊА (THREATS)

- Неповолни демографски трендови;
- Неповолни миграциски движења, особено нагласени кај младите луѓе;
- Засилена промоција на Европските универзитети за привлекување на македонски студенти;
- Зголемена и делумно нелојална конкуренција;
- Неконзистентност на високообразовните политики и чести законски измени кои не се засновани на долгорочна стратегија за развој на високото образование;
- Недоволна посветеност на надлежните државни институции во доменот на утврдувањето, признавањето и финансирањето на реалната цена на чинење на студентот/студентско место;
- Задоцнето формирање на Националниот совет за високо образование;
- Рестриктивна политика за нови вработувања на соработнички и стручен кадар во континуитет;
- Отсуство на посериозна финансиска поддршка на науката;
- Ограничен пристап на Факултетот и Универзитетот до соодветни бази на научни и стручни трудови поради неисполнување на обврските од Законот за високо образование, член 189 став 5 во кој се предвидува пристапот до една база со трудови да биде финасиран од Буџетот на Р. С. Македонија;
- Отсуство на интерес кај реномирани странски универзитети за воведување на заеднички joint degree студиски програми со високообразовни институции кои немаат меѓународна акредитација;
- Се уште актуелна законска обврска за материјална евиденција на студентските досиеја во поглед на користење на индекси, пријави и таксени марки;

- Недоволни алтернативни можности за финансирање и стпендирање на студирањето на втор и трет циклус студии;
- Нефлексибилен и релативно спор систем за акредитирање и ре-акредитирање на студиските програми;
- Недоволен интерес на приватниот и јавниот сектор за реализација на заеднички проекти и за користење на стручниот потенцијал на факултетот;
- Несигурност и неизвесност во работењето која ја наметна пандемијата предизвикана од Covid-19.

## МОЖНОСТИ (OPPORTUNITIES)

- Брзо имплементирање и примена на дигитални платформи за изведување е-настава, менаџмент системи за е-учење, како и специјализирани системи за електронско оценување на студентите како резултат на промените кои ги наметна пандемијата предизвикана од Covid-19;
- Искористување на можностите за учество во проекти финансирани од ЕУ, УСАИД, NATO, Erasmus +, Horizon Europe и други меѓународни извори и фондови;
- Зголемен интерес за програми за професионално и континуирано образование и разни видови на обуки и едукации како одговор на растечката и разновидна побарувачка на пазарот;
- Потенцијал за развој на алумни мрежата на факултетот и ставање во функција на можностите од соработката со нејзините членови;
- Можност за интензивирање на соработката со претставници на бизнис заедницата (комори, асоцијации, професионални здруженија) и со претставници на институции од јавниот сектор во делот на приспособување на студиските програми на нивните актуелни потреби, како и во осмислување на програми за професионално и доживотно образование;
- Проширување и продлабочување на официјалната соработка која ја има Факултетот со голем број реномирани странски универзитети и факултети преку конкретни взаемни активности.

## СЛАБОСТИ (WEAKNESSES)

- Недоволен и нерамномерно оптоварен со настава наставно-научен кадар;
- Недоволен фокус кон наука и скромна меѓународна присутност на кадарот со трудови во (влијателни) научни списанија и конференции и недоволна нивна цитираност;
- Недоволна искористеност на постојните меѓународни договори за соработка за конкретни активности (мобилност на вработени и студенти, заеднички проекти, истражувања или организирање на заеднички или франшизни студии);
- Отсуство на атрактивни програми за професионално и доживотно образование наменети за обуки и тренинзи на вработени;
- Мал број на студиски програми на англиски јазик за привлекување на меѓународни студенти;

- Смален интерес за дипломираните студенти за продолжување на своето образование на вториот циклус, односно третиот циклус на студии на факултетот;
- Застарена информатичка инфраструктура;
- Ограничени функционалности на i-Know системот и негова недоволна приспособеност на потребите на корисниците.

ПРЕДНОСТИ (STRENGTHS)

- Факултет со најдолга традиција и препознатливост на националниот и регионалниот образовен пазар;
- Компетентен и квалитетен наставно-научен кадар;
- Кадровска подготвеност за организирање настава на англиски јазик и „прозорци за мобилност";
- Континуирана политика за стручно усовршување и развој на академскиот потенцијал за изведување на наставно-научната и истражувачката дејност;
- Современи и диверзифицирани студиски програми на трите циклуси компатибилни со програмите на еминентни светски универзитети;
- Солидни просторно-технички и материјални услови;
- Завиден број на склучени меѓународни договори за соработка со образовни и сродни институции од странство;
- Функционален кариерен центар со голем потенцијал;
- Потпишани поголем број меморандуми за соработка со бизнис заедницата, јавниот сектор и меѓународни универзитети.
- Исклучително богата и плодна издавачка дејност - најголем издавач на стручна и научна економска литература во државата;
- Современа и најбогата библиотека со економска литература на Универзитетот со двокатна модерна читална.

## СТРАТЕГИСКИ ПРАВЦИ И ЦЕЛИ

Економскиот факултет – Скопје настојува да ја задржи добрата репутација и лидерската позиција во сферата на високото образование од областа на економијата и бизнисот во земјата, но и да ја подобри својата позиција во севкупниот меѓународен образовен систем. Со реализација на стратешките цели ќе се создаде добра основа факултетот да го отпочне процесот за стекнување на меѓународна акредитација. За таа цел на факултетот се дефинирани следниве стратегиски правци од кои произлегуваат стратегиски цели и конкретни активности за нивно остварување.

ОСНОВНИ СТРАТЕГИСКИ ПРАВЦИ

**Стратегиски правец 1.** Квалитетно образование и создавање на компетентни високо-стручни кадри.

**Стратегиски правец 2**. Подобрување на соработката со јавниот и приватниот сектор во земјата.

**Стратегски павец 3.** Зајакнување на меѓународната соработка преку поголема интегрираност во Европскиот простор за високо образование и соработка со реномирани универзитети од САД.

**Стратегиски правец 4.** Подобрување на научно-истражувачката работа.

**Стратегиски правец 5.** Зајакнување на капацитетите на административниот кадар и работните процеси.

**Стратегиски правец 6.** Одржливо финансирање.

СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ

За реализирање на ***Стратегискиот правец 1 - Квалитетно образование и создавање на компетентни високо-стручни кадри***, на факултетот се дефинирани следниве стратегиски цели:

- **Стратегиска цел 1.1.** Креирање и акредитација на наставни програми од областа економијата и бизнисот кои по својот квалитет содејствуваат со наставните програми на реномирани и афирмирани универзитети во светот и во целост одговараат на потребите на окружувањето.
- **Стратегиска цел 1.2.** Дигитализација на наставно-образовниот процес, преку користење на софтверска поддршка во реализацијата на наставата.
- **Стратегиска цел 1.3.** Унапредување на методите на настава.

***Стратегискиот правец 2 – Унапредување на соработката со јавниот и приватниот сектор во земјата*** ќе се реализира преку остварување на следниве стратегиски цели:

- **Стратегиска цел 2.1.** Зголемен број на аплицирани и реализирани заеднички проекти, истражувања, стратегии, анализи, практична настава, стипендии, обуки, тренинзи и други видови на соработка со јавниот и приватниот сектор.

***Стратегискиот правец 3 - Зајакнување на меѓународната соработка преку поголема интегрираност во Европскиот простор за високо образование и соработка со реномирани универзитети од САД***, на Факултетот ќе се реализира преку остварување на следниве стратегиски цели:

- **Стратегиска цел 3.1.** Зајакнати институционални капацитети за вклучување и реализирање на меѓународната соработка
- **Стратегиската цел 3.2.** Активно вклученост на факултетот во меѓународни иницијативи, проекти и двонасочна мобилност на вработени и студенти
- **Стратегиската цел 3.3** Идентификување на потребните промени и чекори кон започнување на меѓународна акредитација на факултетот

За реализирање на ***Стратегискиот правец 4. Унапредување на научно-истражувачката работа***, на Факултетот ќе треба да се остварат следниве стратегиски цели:

- **Стратегиска цел 4.1**. Зајакнување на капацитетите на наставно-научниот и соработничкиот кадар за реализација на меѓународно препознатлива научно-истражувачка работа.
- **Стратегиска цел 4.2.** Зголемување на финансиските средства наменети за научно – истражувачка работа преку обезбедување на алтернативни извори на финансирање.

***Стратегискиот правец 5. Зајакнување на капацитетите на административниот кадар и работните процеси*** ќе се реализира преку:

- **Стратегиска цел 5.1.** Унапредување на компетенциите и ангажираноста на административниот кадар
- **Стратегиска цел 5.2.** Интегриран систем за собирање, чување, обработка, генерирање и манипулирање со документи и податоци.

***Стратегискиот правец 6. Одржливо финансирање,*** ќе се реализира преку реализирање на следниве стратегиски цели:

- **Стратегиска цел 6.1.** Стабилизирање на основните извори на финансирање на факултетот.
- **Стратегиска цел 6.2.** Поголема искористеност на стратегиски можности за за проектно финансирање и финансирање од алтернативни извори.

## АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СТРАТЕГИСКИТЕ ЦЕЛИ

За реализација на **Стратегиската цел 1.1. Креирање и акредитација на наставни програми од областа економијата и бизнисот**, ќе бидат реализирани следните активности:

*Стратегиска активност 1.1.1* Подготовка на нови елаборати за реакредитација на постојните студиски програми на 1 циклус студии

Индикатор: успешно и навремено добивање на позитивно мислење од Одборот за акредитација и решение за почеток со работа во учебната 2022/2023

Индикатор: број на новововедени или модифицирани предмети со последната акредитација (предмети на англиски јазик односно прозорци за мобилност)

*Стратегиска активност 1.1.2* Подготовка на нови елаборати за реакредитација на постојните студиски програми на 2 циклус студии

Индикатор: успешно и навремено добивање на позитивно мислење од Одборот за акредитација и решение за почеток со работа во учебната 2022/2023

Индикатор: број на новововедени или модифицирани предмети со последната акредитација

*Стратегиска активност 1.1.3* Креирање нови студиски, специјалистички или професионални програми (класично организирани или преку учење на далечина и на англиски јазик), во согласност со потребите на пазарот на трудот и бизнис заедницата, со современи методи на настава и вклучување најнови сознанија;

Индикатор: број на нови студиски, специјалистички или професионални програми

*Стратегиска активност 1.1.4* Анализа на можностите за развој на заеднички студиски програми со или под менторство на реномирани странски универзитети и *привлекување на визитинг-професори од странски универзитети*

*Индикатор: број на визитинг професори и број на нови студиски програми развиени со или под менторство со реномирани странски универзитети*

*Стратегиска активност 1.1.5* Воведување на механизам за контрола на квалитетот на актуелните студиски или професионални програми преку спроведување на оценки од приватниот/јавниот сектор за квалификациите на дипломците

*Индикатор: (1.оценка врз основа на анкетата на работодавачи, 2.оценка врз основа на анкета на алумни, и 3. оценка врз основа на унапредена анкета на студенти).*

За реализација на **Стратегиската цел 1.2. Дигитализација на наставно-образовниот процес,** ќе бидат реализирани следните активности:

*Стратегиска активност 1.2.1.* Подобрување на условите за настава преку инвестиции во осовременување на просториите, опремата и примена на нови дигитални технологии во изведување на наставата (дигитални платформи за онлајн учење, learning management system, лабораторија за снимање на едукативни видео содржини, дигитални платформи за размена на информации и оцена и дисеминација на знаење и др.);

Индикатор: средства издвоени за дигитализација на наставата и број на предмети кои вклучиле нова технологија во наставата.

За реализација на **Стратегиска цел 1.3. Унапредување на методите на настава,** ќе бидат реализирани следните активности:

*Стратегиска активност 1.3.1* Организирање на обуки, работилници и советувања за усвојување и имплементирање на нови методи во наставата (методи на асинхрона и синхрона онлајн настава, примена на превртена училница или flipped classroom, снимање на едукативни видео содржини, водење на паралелни онлајн дискусии во посебни групи, пишување на студии на случај за македонски компании, развој и имплементација на финален Capstone тимски проект во наставата, одржување на висок степен на ангажираност и одговорност кај студентите, симулации, видео евалуации, примена на брзи анкети за мислење на студентите) кои задолжително ќе вклучуваат лица и институции од странство во нивната организација и реализација.

Индикатор: број на реализирани обуки и број на наставен кадар кој присуствувал на обуки, семинари, симпозиуми, работилници и други научни и стручни собири за стекнување на нови знаења и методи за изведување на настава

*Стратегиска активност 1.3.2* Реализација на обуки за стручно усовршување од областа на педагогијата, психологијата, андрагогијата, дидактиката, методиката и докимологијата, преку изработка на Програма за професионално оспособување

Индикатор: број на реализирани обуки и број на наставен кадар кој присуствувал на обуки, семинари, симпозиуми, работилници и други научни и стручни собири за стекнување на нови знаења и методи за изведување на настава

За реализација на **Стратегиската цел 2.1. Зголемен број на аплицирани и реализирани заеднички проекти, истражувања, стратегии, анализи, практична настава, стипендии, обуки, тренинзи и други видови на соработка со јавниот и приватниот сектор,** ќе бидат спроведени следните активности:

*Стратегиска активност 2.1.1 Формирање и етаблирање на алумни асоцијација на Економскиот факултет – Скопје.* Избор на тела и подготовка на програма на алумни асоцијацијата која треба да придонесе за воспоставување поблиски врски на Факултетот со своите дипломци кои креираат успешни бизнис приказни и политики во рамки на јавниот сектор, со цел размена на практична знаења и вештини со кадарот и новите генерации студенти преку заедничка организација на семинари, конференции, тренинг програми за практична обука, стратешки анализи и други форми на соработка.

Индикатори: функционална алумни асоцијација со усвоена програма и план на активности на алумни асоцијацијата, број на настани реализирани од алумни асоцијацијата.

*Стратегиска активност 2.1.2 Унапредување на активностите на Центарот за кариера.* Проширени и унапредени активности на Центарот за кариера на Економскиот-факултет за поврзување на студентите и алумни на Факултетот со работодавците преку зголемен број на настани како форуми за поврзување, берза на труд, работилници за практични вештини и договори за реализација на практични анализи и проекти од студентите во соработка со партнерски организации од приватниот и јавниот сектор.

Индикатори: број на настани во годината за поврзување на студентите со приватниот и јавниот сектор, број на повторувачки и нови договори за соработка на факултетот со субјекти од јавниот и приватниот сектор, број на студенти кои преку Центарот за кариера оствариле практична настава или се вработиле.

Стратегиска активност 2.1.3 Интензивирање на активностите на Центарот за економски истражувања (ЦЕИ); Тренинг центарот за европска интеграција (ЕИТЦ); Центарот за податоци и информации на ЕУ (ЕУи); Регионалниот тренинг центар – Светска царинска организација (РТЦ – СЦО); и Јунус центарот за социјални бизниси. Центрите на Факултетот ќе ги интензивираат активностите за поврзување со меѓународни и домашни донаторски организации, партнерски универзитети, стопански комори, деловни организации и институции од јавниот сектор за подготовка и реализација на заеднички научно-истражувачки и стручно-апликативни проекти, изготвување на стручни анализи, програми за практични обуки или специјалистички студии за студенти и професионалци, семинари, работилници и др.

Индикатори: број на проекти, настани или едукативни програми и активности реализирани од страна на центрите.

*Стратегиска активност 2.1.4 Зголемување на консултанските, проектни и едукативни активности на ЕКОНС ДООЕЛ.* Реализирање на истражувања, професионални обуки и тренинзи со бизнис заедницата прилагодени на нивните потреби. Интензивирање на контактите со бизнис заедницата преку директни состаноци, од кои ќе произлезат нивните потреби за стручен консалтинг. Поголема активност на наставниот кадар за аплицирање на јавни повици за стручни услуги.

Индикатор: реализирани приходи од консултантски и проектни активности, остварена добивка.

За реализација на **Стратегиска цел 3.1. Зајакнати институционални капацитети за вклучување и реализирање на меѓународната соработка,** ќе бидат реализирани следните активности:

*Стратегиска активност* 3.1.1 Развиен оддржлив работен систем на собирање, организирање и дисеминација на информации кон вработените за вклучување и реализирање на меѓународна соработка.

Индикатори: Дефиниран и достапен пакет на административни услуги за поддршка на вработените при вклучување во меѓународни активности. Минимум 20 таргетирани информации годишно кои вработените за вклучување во меѓународна соработка

*Стратегиска активност* 3.1.2 Усогласување и унифицирање на процесите на поднесување, реализација и финансиско управување на проектите за меѓународна соработка земајќи ја во предвид разноликоста на типовите на проекти.

Индикатори: Направена анализа за тековната состојба со предлог за измени; Усогласена и усвоена акти на факултетот

*Стратегиска активност* 3.1.3 Развивање на твининг активности и размена на административен кадар со странски универзитети и институции кои имаат високо ниво на институционален капацитет за реализирање на меѓународна соработка

Индикатори: Поднесен минимум еден проект за финансирање на твининг активности. Минимум вкупно 3 административни лица кои имаат кон-факултетот мобилност во времетрање од минимум една недела

*Стратегиска активност* 3.1.4 Креирање и поставување на организациска структура и одговорности на одделението за меѓународна соработка која ќе ги рефлектира активностите на вработените на Економскиот факултет - Скопје (проекти, размена, и соработка)

Индикатори: Направена анализа за тековната состојба со предлог за измени; Усогласена и усвоени акти на факултетот

*Стратегиска активност* 3.1.5 Развој на континуирана динамика на обуки за административниот кадар за административните и техничките аспекти поврзани со вклучување во различните можности за меѓународна соработка.

Индикатори: Минимум една обука годишно; Минимум 20% од административниот кадар посетувале една обука годишно

За реализација на **Стратегиската цел 3.2. Активно вклученост на факултетот во меѓународни иницијативи, проекти и двонасочна мобилност на вработени и студенти**, ќе бидат реализирани следните активности:

*Стратегиска активност* 3.2.1 Организирање на настани (конференции, работилници, советувања) кои задолжително ќе вклучуваат лица и институции од странство во нивната организација и реализација

Индикатори: Постепено зголемување на број лица и институции од странство до минимум 35% од вкупниот број на организатори/претставници во настаните (конференции, работилници, советувања) кои ги организира Економскиот факултет-Скопје

*Стратегиска активност* 3.2.2 Зголемување на можностите и линиите за вклучување и финансирање на вработените и студентите во нивната меѓународна мобилност

Индикатори: Зголемен број на стипендии и грантови за индивидуална мобилност на вработените во рамки на постојните програми (Еразмус+ и CEEPUS); Две нови линии за финансирање на мобилноста на вработените (Marie Skłodowska-Curie Actions и COST actions)

*Стратегиска активност* 3.2.3 Развој на целно насочени активности низ кој вработените ќе се стимулират да се вклучат во одбори на меѓународни конференции, научни списанија, научни асоцијации, одбори за евалуација и слично

Индикатори: Минимум 50% од наставно-научниот кадар се активни учесници во одборите на меѓународни конференции, научни списанија, научни асоцијации, одбори за евалуација; Минимум двајца вработени од наставно-научниот кадар се во уредувачките одбори на списанија со импакт фактор

*Стратегиска активност* 3.2.4 Промоција на факултетот на меѓународно ниво за можностите да биде домаќин на наставно-научен и административен кадар и студенти со цел да се овозможи мобилност-кон-факултетот

Индикатори: минимум 50 склучени договори со странски универзитети со кои се овозможува мобилност-кон-факултетот; зголемен број на странски студенти кои посетувале настава кај нас преку размена на студенти

*Стратегиска активност* 3.2.5 Развој на континуирана динамика на обуки за наставно-научниот кадар за изработка и реализација на проектни апликации за меѓународни фондови во кои може да се поднесуваат проекти

Индикатори: Минимум една обука годишно; Минимум 20% од вработените посетувале една обука годишно

Стратегиска цел 3.3 **Идентификување на потребните промени и чекори кон започнување на меѓународна акредитација на факултетот** ќе биде реализирана низ следните активности:

*Стратегиска активност* 3.3.1 Развивање на менторска програма со реномирани, веќе акредитирани, универзитети за поддршка во процесите на акредитација

Индикатори: Минимум една формализирана соработка со еден реномиран универзитет; Дефинирана менторска програма за поддршка во процесите на акредитација

*Стратегиска активност* 3.3.2 Длабинска анализа на состојбата на Економски факултет-Скопје во однос на стандардите на меѓународни акредитациски тела

Индикатори: Извештај за моменталната состојба на Економски факултет-Скопје во однос на стандардите на едно меѓународно акредитациско тело

*Стратегиска активност* 3.3.3 развој на план на активности (roadmap) за приближување на работа на Економскиот факултет-Скопје кон стандардите на една организација за меѓународна акредитација

Индикатори: Изработен план на активности (roadmap) со дефинирани активности за приближување на работата на Економскиот факултет-Скопје кон стандардите на една организација за меѓународна акредитација

За реализација на **Стратегиска цел 4.1**. З**ајакнување на капацитетите на наставно-научниот и соработничкиот кадар за реализација на меѓународно препознатлива научно-истражувачка работа,** ќе бидат спроведени следните стратегиски активности:

*Стратегиска активност* 4.1.1 Воведување на систем на стимулирање и наградување на научно-истражувачка работа и резултати базиран на квалитативни и квантитативни индикатори на квалитет и влијание

Индикатори: Дефинирани и усогласени квалитативини и квантитативни индикатори на квалитет; Ажурирана факултетска регулатива за стручно усовршување на вработените

*Стратегиска активност* 4.1.2 Организирање на обуки фокусирани на научно-истражувачкиот процес вклучувајќи методи на истражување (квантитативни, квалитативни и мешани), пишување и објавување на научно-истражувачки резултати.

Индикатори: Минимум една обука годишно; Минимум 20% од вработените посетувале една обука годишно.

*Стратегиска активност* 4.1.3 Активна вклученост на библиотеката во процесот на дисеминација на научните резултати на Економскиот факултет- Скопје.

Индикатори: Додадени одбранети докторски и магистерски трудови на repository.ukim.mk; Унапредено присуство на вработените на бази за индексирање на трудови и публикации.

*Стратегиска активност* 4.1.4 Овозможување на пристап до софтверски апликации и бази на податоци потребни за реализација научно-истражувачки активности.

Индикатори: Број на бази на податоци до кој е овозможен пристап на вработените; број на софтверски алатки за собирање, анализа и презентација на податоци.

За реализација на **Стратегиска цел 4.2. Зголемување на финансиските средства наменети за научно – истражувачка работа преку обезбедување на алтернативни извори на финансирање**, ќе бидат спроведени следните стратегиски активности:

*Стратегиска активност* 4.2.1 Поддршка на наставно-научниот кадар за вклучување во проекти во кои има компоненти за финансирање на научноистражувачки активности

Индикатори: Направена база на научен интерес на вработените; Секој вработен ќе добие минимум една таргетирана информација за можност да аплицира за финасирање на своите научно истражувачки активности

*Стратегиска активност* 4.2.2 иницирање на креирање на фонд од донори фокусиран на финансирање на истражување и публикување во високо квалитетни меѓународни конференции и научни списанија

Индикатори: Минимум еден донор одвојува средства да финансира истражување и публикување во високо квалитетни меѓународни конференции и научни списанија; Минимум два научно-истражувачки проекти се финансирани

**Стратегиска цел 5.1. Унапредување на компетенциите и ангажираноста на административниот кадар,** ќе биде остварена преку следните активности:

*Стратегиска активност 5.1.1* Анализа на моменталната состојба, видот и нивото на потребните компетенции кај административниот кадар

*Стратегиска активност 5.1.2* Изработка на среднорочна Програма за системско професионално оспособување на административниот кадар

*Стратегиска активност 5.1.3* Реализација на обуки за стручно усовршување од областа на потребните компетенции

Индикатори: број на реализирани обуки и број на административен кадар кој присуствувал на обуки, тренизи, работилници и број на воведени промени и предлози за подобрувања на работењето

За остварување на **Стратегиска цел 5.2. Интегриран систем за собирање, чување, обработка, генерирање и манипулирање со документи и податоци**, ќе бидат реализирани следните активности:

*Стратегиска активност 5.2.1* Анализа на можностите и оправданоста од воведување на електронско управување на документите или Документ менаџмент систем

*Стратегиска активност 5.2.2* Мапирање на работните процеси, нивна стандардизација и интегрирање во систем

*Стратегиска активност 5.2.3* Избор на Документ менаџмент систем софтвер негова имплементација во работењето

Индикатори: предлози на унапредување на работењето, просечен временски период за обработка на барањата, молбите и предметите, број на олеснети, скусени или дигитализирани административни постапки, воведување на електронски потпис.

**Стратегиската цел 6.1. Стабилизирање на основните извори на финансирање на факултетот**, ќе биде остварена преку реализација на следните активности:

*Стратегиска активност 6.1.1 Подобрување на системот на кофинансирање на студентите на прв циклус.* Со цел стабилизирање на основниот и главен извор на приходи за финансирање на редовните оперативни активности, Факултетот ќе ги аргументира и документира пред органите на Универзитетот, Министерството за образование и наука и Владата на Северна Македонија, потребите за промена системот на кофинансирање за студенти од прв циклус на студии во приватна квота и определување цена поблиску до условите кои ги нудат приватните факултети.

Индикатор: просечен приход по студент на прв циклус на студии

*Стратегиска активност 6.1.2 Зголемување на приходите реализирани од студиски програми на втор и трет циклус студии, специјалистички студии и програми за обука.* Остварување на поставените цели и активности во рамки на стратегиските правци 1,3 и 5, очекуваме да го зголеми интересот за продолжување на студирањето на Факултетот. Во планскиот период очекуваме Факултетот да реализира приходи од образовни и тренинг услуги обезбедени за околу 80 студенти годишно на програмите на 2 циклус на студии, 120 студенти годишно на различните програми за обуки и 40 студенти годишно на програмите за специјалистички студии.

Индикатор: број на нови студенти годишно на програмите од втор и трет циклус на студии, број на запишани студенти годишно на програмите за обука и програмите за специјалистички студии

За остварување на **Стратегиска цел 6.2. Поголема искористеност на стратегиски можности за проектно финансирање и финансирање од алтернативни извори,** ќе бидат реализирани следните активности:

*Стратегиска активност 6.2.1 Зголемување на приходите од научно-истражувачки проекти реализирани со партнерски универзитети и организации преку програмите на Horizon Europe и други институции и мрежи за финансиска поддршка.* Успешното реализирање на стратешките цели и активности во рамки на стратегиските правци 3 и 4, очекуваме да резултира во зголемена реализација на меѓународни проекти и зголемување на режиските приходи кои Факултетот во просек ги остварува од 2% на 4% од вкупните приходи во престојниот плански период од 2022 до 2026 год.

Индикатор: процент на режиски приходи од меѓународни и домашни проекти

*Стратегиска активност 6.2.2 Зголемување на приходите од стручно-апликативни проекти, обуки, семинари, работилници, стручни анализи,вештачења и сл.* Зголемените активности за соработка со приватниот, јавниот и невладин сектор очекуваме да придонесе за раст на годишната финансиска поддршка на овој вид на приходи на ниво од 3% од вкупните приходи кои Факултетот ќе ги реализира во престојниот период.

Индикатор: процент на приходи реализирани од стручно-апликативни проекти и активности

*Стратегиска активност 6.2.3 Договори за стратешки партнерства со бизнис заедница и алумни мрежа преку Центарот за кариера.* Активностите за поддршка на постојните и склучување на нови договори за соработка со бизнис заедницата и алумни

мрежа на Факултетот, очекуваме да обезбедат и финансиска поддршка за унапредување на образованието преку донации и спонзорства висина до 2% од редовните годишни приходи на Факултетот.
Индикатор: процент на приходи реализирани од донации и спонзорства

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Економски факултет - Скопје